# ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ – ФОН СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПРВ ПРИВАТЕН УНИВЕРЗИТЕТ - ФОН
Бр. 01-19/2
15.03.2018 год.
СКОПЈЕ

# Б И Л Т Е Н

**НА**

**Прв приватен универзитет – ФОН Скопје**

**БРОЈ 201**

**Скопје, 15.03.2018**

# С О Д Р Ж И Н А:

1. Рецензија за оценка на ракопис за учебник „Локална самоуправа на Република Македонија - граѓанско сервисна ориентираност“..........................................3153

**РЕЦЕНЗИЈА**

на ракопис за учебник

**Локална самоуправа на Република Македонија - граѓанско сервисна ориентираност**

од проф. д-р Александра Србиновска - Дончевски

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки и дипоматија при Прв приватен универзитет Фон во Скопје, бр. 15-233/2 од 05.03.2018 година, за членови на Рецезентската комисија за рецензирање на учебникот Локална самоуправа на Република Македонија – граѓанско сервисна ориентираност, прво издание од проф.д-р Александра Србиновска - Дончевски, за предметот Локална самоуправа, избрани се проф.д-р Темелко Ристевски и проф. д-р Назми Маличи.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултет за политички науки и дипломатија при Прв приватен универзитет ФОН во Скопје, рецезентите го поднесуваат следниов:

**ИЗВЕШТАЈ**

Предметот Локална самоуправа е предмет кој се изучува на Факултетот за политички науки и дипломатија и Факултетот за правни науки при Прв приватен универзитет Фон. Ова е прво издание од авторот од обласга локална самоуправа. Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 224 страни во електронска верзија со проред 1,5 големина на фонтот 12. Текстот е поделен на 5 дела и дополнително литература.

Првиот дел – поим и дефинирање на локалната самоуправа, потекло на локалната самоуправа, сродни и гранични поими на локалната самоуправа, класификација на современата локална самоуправа, степеност на локалната самоуправа, децентрализација и невладини организации на локално ниво.

Втор дел – развој на локалната самоуправа во Република Македонија во период од 1990 година до денес, прва фаза на развојот 1990-1995 година, втора фаза на развојот од 1995 -2002 година, трета фаза на развојот од 2002 година. Во овој дел е детално анализирана законската рамка на локалната самоуправа во однос на надлежностите на општините во РМ, финасирање

на општините, организација и работа на органите на општината во РМ, статус на членовите на советот и надлежности на советот, избор и надлежности на градоначалник, комисија за односи меѓу заедниците, совет за заштита на потрошувачите, локални избори – државна изборна комисија, општинска изборна комисија односно Изборната комисија на град Скопје, избирачки одбор, предлагање на кандидати за членови на совет и градоначалник, непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општините на РМ, форми на непосредно граѓанско учество, надлежности на општинската администрација во РМ, надзор над работата на органите на општината, органи за вршење на надзор, надзор над законитоста на прописите на општината, основање облици месна самоуправа, заштита на локалната самоуправа, службени јазици, надлежности на град Скопје, органи на градот Скопје и општините во градот Скопје, општини во РМ, подрачје на општините и населени места во РМ

Трет дел – поим и дефинирање на граѓанската партиципација, принципи на граѓанска партиципација во локалната самоуправа, граѓанска партиципација и децентрализација, граѓанска партиципација во системот на јавните служби на локално ниво. Поим и дефиниција на општинската адинистрација, граѓанско – сервисна ориентираност на општинската администрација, принципи за добра општинска администрација, партиципација на граѓаните. Општинска администрација и нејзината ориентираност кон корисникот и квалитетот на услугите, креирање на визија за развој на општинската администрација, поимот outsourcing, outsourcing во единиците на локалната самоуправа во РМ. Улогата на субјективниот фактор во општинската адмиистрација. Потребата од управаување со човечки ресурси во општинста администрација.

Четврт дел – Европски стандарди во областа на локалната самоуправа. Значењето на Европската Повелба за локална самоуправа воопшто и развојот на локалната самоуправа во РМ.

Петти дел – од страна на авторот спроведени се емпириски истражувања за граѓанската вклученост на локално ниво се со цел резултатите од истражувањето да придонесат за крирање на ефикасни политики на локално ниво, да отворат можности за понатамошни истражувања и да биде репер за корекција или дирекција на понатамошните локални практики

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Како рецензиона комисија убедени сме дека со објавувањето на овој учебник ќе се помогне во полесно совладување на содржината на Локална самоуправа за студените кои го изучуваат овој предмет.

Чест ни е  да му предложиме на Наставно-научниот совет на Факултетот за политички науки при Прв приватен Универзитет Фон во Скопје, да го одобри издавањето на учебникот локална самоурпава на Република Македонија – граѓанско сервисна ориентираност од автор проф. д-р Александра Србиновска – Дончевски.

Рецезенти:

Проф. д-р Назми Маличи, с.р.

Проф.д-р.Темелко Ристевски, с.р.